Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 1092/2022

Дата......09.-06-.2022

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42, став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Демир Хисар, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на фотоволтаична централа (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на замјиште), на КП 4960 и КП 4961 во КО Сопотница, Општина Демир Хисар.**

Предвидената фотоволтаична електрана е со моќност до 1 MW и зафаќа површина од 0,91 ha.

Во непосредна близина на планскиот опфат има издадено Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Сопотница – измена и дополна, Општина Демир Хисар со тех.бр. У21411.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y16322** се составен дел на Решението.

3. Реализацијата на проектот - изградба на фотоволтаична централа (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на замјиште), на КП 4960 и КП 4961 во КО Сопотница, Општина Демир Хисар, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уредност, со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животна средина.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на фотоволтаична централа (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на замјиште), на КП 4960 и КП 4961 во КО Сопотница, Општина Демир Хисар, потребно е да се почитуваат одредбите


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животна средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

5. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на фотоволтаична централа (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на замјиште), на КП 4960 и КП 4961 во КО Сопотница, Општина Демир Хисар, задолжително да се земат во предвид претходно наведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Демир Хисар, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 42224 од 01.04.2022 година до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на фотоволтаична централа (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на замјиште), на КП 4960 и КП 4961 во КО Сопотница, Општина Демир Хисар. Површината на планскиот опфат изнесува 0,91 ha.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Услови за планирање на просторот за изградба на фотоволтаична централа (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на замјиште), на КП 4960 и КП 4961 во КО Сопотница, Општина Демир Хисар, и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1092/2022 од 07.06.2022 година.

Услови за планирање на просторот за изградба на фотоволтаична централа (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на замјиште), на КП 4960 и КП 4961 во КО Сопотница, Општина Демир Хисар, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија", претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk